Б. ПАНОВ

# СТРУМИЦА ЗА ВРЕМЕ НА БАЛКАНСКИТЕ И НА ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА

## I

Во почетокот на втората деценија на XX век почнала една по друга балканските војни, чиишто последици беа катастрофални за македонскиот народ.

По интензивни преговори, балканските држави Србија, Бугарија, Грција и Црна Гора го склучија Балканскиот сојуз и, со тоа, ги обединија своите сили за здружено дејствување против Турција. Откако на 17 септември 1912 година четирите сојузници извршија масовна мобилизација, на 5 октомври „ѝ предложија на Турција да им даде автономија на Македонија, Одринско, Стара Србија и Епир". Своето барање тие го доставија до Великата Порта, во вид на ултиматум. Меѓутоа, Турција ги сметаше сојузените балкански држави „за ништожни државички", па затоа не му обрнала внимание на ултиматумот.[1]) Бидејќи така постапи, сојузниците ѝ објавија војна. Првите воени акции почнаа кај Беране, во Црна Гора. Веднаш потоа, на 5 октомври, влегоа во војна и другите сојузници[2]).

Македонскиот народ зеде масовно учество во Првата балканска војна, бидејќи очекуваше таа да му донесе „ослободување од турското ропство".[3]) Зборовите „ослободителна војна" подејствуваа магично среде Македонците Со оружје в раце тие ги помагаа сојузниците и, со тоа, им ја олеснија задачата.[4]) Само што почна војната, а восхитот кај македонскиот народ немаше крај. „Македонците од сите краишта на светот", заедно со оние во земјата, побрзаа „да земат учество во војната против вековниот непријател".[5]) Успесите што ги постигнаа балканските сојузници, во значителна мера, беа заслуга и на македонските ополченски и четнички дружини, што ги формираа Внатрешната македонска организација и 27-те македонски братства. Повеќе од 100 000 македонски четници и ополченци се бореа рамо до рамо со сојузничките армии. Во битките кај Куманово, Црни Врв, Скопје, Велес, Прилеп, Битола, Ресен, Костур, К'рджали, Мустенли, Џумаја, Фере, Серес, Солун, Струмица

---

[1]) Историски архив на Струмица (ИАС) фонд: Методистичко-евангелистичка црква — Струмица (МЕЦС), протоколна книга, бр. 4 1895 — 1921 г. стр. 146. Опстојно за подготовките на балканските држави и нивното влегување во војна со Турција, види: Г. Абаџиев, Балканските војни и Македонија. Скопје 1958, стр. 7—58.

[2]) ИАС, ф. МЕЦС, прот. кн., бр. 4, стр. 146.

[3]) Исто.

[4]) Македонски глас (Македонский голосъ). Орган на приврзаниците на независна Македонија, 1913—1914. Изд. на Институтот за национална историја. Скопје 1968, стр. 50.

[5]) Македонски глас, стр. 297.

и́ други учествуваа масовно и македонските ополченски дружини. Голем беше бројот и на оние Македонци што ги положија своите животи „за општото сојузничко дело“ и кај Булаир, Шар — Кој Родосто, Кирклисе, Лулебургас, Чаталџа и Одрин. Покрај тоа, уште пред да почне Првата балканска војна, голем дел од непристапните краишта на Македонија ги држеа македонски четници. Од тие места четниците вршеа постојани напади на турските војски, создавајќи, на тој начин, деморализација среде војниците. Со еден збор, кога почна војната против Турците, македонскиот народ целосно застана на страната на сојузниците, со кое го забрза поразот на Турција.[6]) Но, прогласената „света цел на војната“ беше „заборавена, заедно со победите над Турците“.[7]) Наскоро стана јасно дека Македонија „ќе биде распарчена и поробена од сојузниците“, бидејќи „ослободителната војна“ се претвори во завојувачка војна.[8]) Со тоа, излезе на видело сè, па и „престапната улога на Бугарија во оваа срамна „ослободителна војна“. Бугарската држава, која ја привлече и Грција кон бугарско-српскиот сојуз, беше таа што овозможи да дојде до поделба на Македонија меѓу сојузниците. Просто, бугарската влада ги измами Македонците кога ја сокри „вистинската цел на војната од претставниците на македонскиот народ“. Почнувајќи ја војната, Бугарија им изјави на Македонците дека „заедно со сојузниците тргнува против Турците за нивното ослободување“. Исто така, бугарската влада беше таа што ги оддалечи македонските воени легиони од Македонија, кога ги испратива на боиштата во Тракија. Со тоа како на Бугарија, така и на другите сојузници им беше олеснето завладувањето на Македонија.[9]) На овој начин, место да биде ослободена од ропство, Македонија беше распарчена и попадна „под ново, потешко, тројно ропство на: Србите, Грците и Бугарите“.[10])

Војната против Турција заврши со победа на сојузниците. Според договорот за мир, кој беше потпишан во Лондон на 17. V. 1913 година, границата меѓу Турција и Бугарија се протегаше по линијата Мидија — Енос.[11]

Веднаш откако заврши Првата балканска војна, излезе на површина и опачината на „ослободителната војна“. Стана јасно дека војната, почната од сојузниците божем „за ослободување на многунамачената Македонија“, не била ништо друго, туку „династичка завојувачка војна“. Иако во договорот, што Србија и Бугарија го заклучија меѓу себе, се спомнува и „создавање на автономна Македонија“, сепак тоа многу не ги вознемируваше сојузниците. Едноставно, ова во договорот беше напишано поради „убавината на

---

6) Исто, 52, 297.
7) Исто, 289.
8) Исто, 297.
9) Исто, 132.
10) Исто, 297.
11) ИАС, ф. МЕЦС, пр. кн. 4, стр. 152.

стилот“, а и да ги привлечат Македонците на своја страна, во борбите против Турците.[12])

Наскоро, како резултат од „делбата на ограбеното“, избувна Втората балканска, меѓусојузничка војна, која заврши „со тројната поделба на единствената словенска земја — Македонија“.[13]) Со Букурешкиот мирен договор од 28. VII (10. VIII). 1913 година трите балкански држави ја санкционираа поделбата на турското наследство. Со тоа Македонија престана да постои како целосна територија во своите географски и етнографски граници.[14])

Двете балкански војни катастрофално го погодија македонскиот народ. Турското ропство го заменија со уште пожестоко, со тројно ропство на трите соседни буржоаски држави, кои не само што ја распарчија територијата на Македонија на три дела, туку ја засилија и меѓусебната борба меѓу Македонците до самоистребување, а заедно со тоа — ги подложија Македонците во окупираните делови на жестока асимилација. Освен тоа, како резултат од балканските војни, голем број македонски градови и села беа опустошени и претворени во пепелишта. Тоа и жестоките репресалии што ги вршеа новите завојувачи беа главни причини за масовно иселување на населението од едни краишта во други, а и во туѓи земји.[15])

## II

Меѓу градовите кои катастрофално ги погодија двете балкански војни беше и Струмица, со нејзините околни села. Уште на 18 септември 1912 година, населението на Струмица беше известено дека четирите балкански сојузници ги мобилизирале своите војски за напад против Турција. На 5 октомври веќе се пренесе глас дека војната против Турција почнала. Не одеше многу, на 9 октомври населението на Струмица беше вознемирено од воената атмосфера. Тој ден стигна веста дека бугарска војска влегла во Малешевијата. Веднаш потоа дуќаните беа затворени. Кајмакамот и некои од беговите строго го предупредија граѓанството да ги чува редот и мирот во градот. По неколку часа, Струмичкото Поле се наполни со бегалци од Малешевијата. Голем дел од овие турски бегалци најдоа привремено прибежиште во градот Струмица. Само што помина неколку дена, и од Радовиш и од селата почнаа масовно да се иселуваат Турците. Бидејќи Струмица не можеше да ги прифати сите бегалци, мнозина од нив го продолжија бегањето кон Дојран, Кукуш и Солун.[16])

---

12) Македонски глас, стр. 86; сп. и Љ. Лапе, Статија на Крсте Мисирков од 1914 г. Историја, г. I, бр. 2. Скопје 1965, стр. 34; Г. Абаџиев, Балканските војни и Македонија, стр. 159.

13) Македонски глас, стр. 289.

14) Г. Абаџиев, ц. д., стр. 113—114.

15) Сп. Г. Абаџиев, ц. д., стр. 168.

16) ИАС, ф. МЕЦС, пр. кн., бр. 4, стр. 147.

Турската управа во Струмица, за да заведе ред во градот и да спречи секакво меѓусебно пресметување, затвори во касарната, како заложници, 600 граѓани и селани.[17]) Ваквите акции ги презеде за да ги парализира четничките акции во струмичкиот крај.[18]) И покрај сите обезбедувања, четите успеаја да ги испокинат телеграфските и телефонски жици во околината на Струмица.[19]) Поради ваквите акции, турската војска жестоко го казни селското население во околината на Струмица. Од градот со брдски топови беше бомбардирано Куклиш. При тоа беа убиени 20 души. На мнозина имотот им беше ограбен.[20])

Од средината на октомври српско-бугарските сојузнички армии почнаа сè повеќе да се приближуваат кон Струмица. Истурени делови од српската Тимочка дивизија и бугарската Рилска дивизија напредуваа откај Штипско и Беровско.[21]) Сојузничкото приближување влијаеше уште повеќе да се зголеми бројот на Турците-бегалци. Струмичките Турци, гледајќи како бегаат нивните сонародници од Радовишко и Малешевијата, почнаа да бегаат. Турската управа во Струмица издаде строга наредба против оние што би го напуштиле градот. Дури, беше предвидена и смртна казна против бегалците. Како резултат од тоа, малцина струмички Турци успеаја да го напуштат градот.[22])

На 21 октомври откај Радовишко запукаа топови. Поради топовските грмежи, се создаде паника во Струмица. Заедно со цивилното турско население, градот почнаа да го напуштаат и турските војници. Истиот ден, вечерта, една бугарска чета од 26 радомирски полк, на чело со капетанот Алексиев, влезе во Струмица и ги заседе управниот дом и касарната. На 22 октомври, изутрина, граѓаните на Струмица излегоа да ги поздрават „милите ослободители". На пречекот присуствуваа, заедно со бугарскиот, и грчкиот владика и муфтијата. Бугарската војска влезе на чело со бригадниот генерал Атанасов. Меѓу бугарските офицери беа и двајца српски офицери.[23]) Истиот ден пристигна во градот и српска војска.[24]) Тоа беа делови од коњички полк под командата на мајорот Ник. Ст. Цоловиќ.[25]) И српските трупи, кои дејствуваа заеднички со бугарските војски, беа претставени дека и „донеле на Струмица ослободување . . . од Турците",[26]) т. е. дека се и тие „први весници

---

17) Исто.

18) За дејството на четите во Струмичко, види: Г. Абаџиев, ц. д., стр. 120, бел. 10, 121 сл.

19) ИАС, ф. МЕЦС, пр. кн. бр. 4, стр. 147.

20) Исто, стр. 147—148.

21) Д. Ј. Миленковић, Друга српска армија у Првом балканском рату 1912—1913. Београд 1963, стр. 33—122.

22) ИАС, ф. МЕЦС, пр. кн. бр. 4, стр. 148.

23) ИАС, ф. МЕЦС, пр. кн. бр. 4, стр. 148—150.

24) Исто, 150.

25) А. Андријевић, Струмица. Ниш, 1923, стр. 31, бел.; М. Ристић, Струмица. Београд 1925, стр. 53.

26) А. Андријевић, Струмица, стр. 31.

на слободата".[27]) Бугарските војски не останаа во градот, туку веднаш продолжија директно кон Солун.[28]) Беше решено градот да остане под власта на српски командант.[29]) Бидејќи многумина Турци останаа во градот, не успеаја да избегаат, а се вратија мнозина и од бегалците, беше избрана комисија од 3 граѓани кои, заедно со српскиот командант и двајца други офицери, ги одвоија виновниците и ги осудија на смрт. Смртната казна ја извршуваа четниците надвор од градот.[30]) Десно од патот што води за Радовиш беа заклани и погребани околу 5 000 Турци.[31])

## III

Првата балканска војна заврши, како што видовме, со потпишувањето на мирот во Лондон. Меѓутоа, Лондонскиот мир беше во сила сосем кратко време. Причини за неговото нарушување имаше многу. Виновник беше пак Бугарија, иницијатор на војната од 1912 година.[31a]) Караниците меѓу сојузниците секојдневно растеа и се изострува. Србија и Бугарија не можеа да се сложат за господството над Битолската област. Романија, пак, претендираше над Силистра и нејзината околија. Грција во Солунско и Серско ја предизвикуваше Бугарија, заземајќи и ги местата кои таа ги окупира. Од своја страна, пак, Австрија тајно ја распламтувала омразата меѓу сојузниците.[32])

Меѓусебните расправии доведоа да почне Втората балканска војна меѓу Бугарија, од една, и Грција, Србија и Црна Гора, од друга страна. Меѓусојузничката војна започна на 16 јуни 1913 година.[33]) Уште пред да почне војната, околу Струмица Бугарија побрза да сконцентрира значителни војски. Тоа беа единици од 3 бригада на 7 пешадиска дивизија од 4 армија. Кога почна војната, во Струмичко се наоѓаше тилот на 4 армија.[34]) Моралот кај војниците беше доста слаб. Непосредно пред почетокот на војната, во единиците распоредени во Струмичкиот реон, дојде до два еден по друг војнички бунтови. Побунетите војници не сакаа да војуваат против Србите. Тие просто изразија желба да се вратат по своите домови, за да им помогнат на своите семејства, кои гладувале и мизерувале.[35]) Мнозинството од овие војници го сочинуваа Македонци, набрзина прибрани во редовите на бугарската армија. Само што почна војната, скоро сите тие од Серска и од Драмска бригада

---

27) М. Ристиќ, Струмица, стр. III.
28. ИАС, ф. МЕЦС, пр. кн. бр. 4, стр. 150.
29) Исто, 150.
30) Исто, 150—151.
31) А. Андријевиќ, Струмица, стр. 18—19.
31a) Македонски глас, стр. 228.
32) ИАС, ф. МЕЦС, пр. кн. бр. 4, стр. 152.
33) Исто, стр. 152.
34) Междусъюзническата война 1913 г. Държавно военно издателство. София 1963, стр. 105—124.
35) Исто, стр. 75—76.

„се стопија во првите битки“. Причината за тоа, според полковникот Христов, лежеше во тоа што „необучените, недисциплинирани и без национално сознание војници на тие новоформирани делови мачно се втурнуваа во жестоките битки, а при отстапувањето го фрлија оружјето и се распрснаа по своите села, бидејќи повеќето од нив беа од Серско и Демирхисарско“.[36]) Ваквата ситуација во редовите на бугарската војска влијаеше на фронтот Гевгелија — Криволак — Штип и Кочани српската војска да ја разбие Бугарската и да ја принудат на бегство.[37])

Грчката војска, која исто така беше во офанзива, брзаше да го заземе тилот на 4 армија. Заземањето на Струмичкиот реон би значело прекинување на патот Штип — Радовиш — Струмица — Ново Село — Петрич, по кој единствено можеа да се повлечат полската алтилерија и резервите на армијата, бидејќи патот Штип — Горна Џумаја веќе беше прекинат од српските единици во реонот на Кочани.[38]) За да го зачува струмичкиот крај, бугарската команда, по неуспесите кај Дојран, побрза да сконцентрира голем дел од војската јужно од Струмица, во реонот на Беласица. На 25 јуни грчката артилерија успеа да ги разбие бугарските единици на позициите кај Беласица, поради што тие се повлекоа кон Струмица.[39]) Бугарската војска не можеше да ги задржи позициите и во Струмичко. На 26 јуни Грците ја окупирале Струмица.[40]) Тој ден една коњичка чета на грчката армија влезе во градот. Струмичани и сега „преполнети со радост ги прегрнаа ослободителите“.[41])

Освен од Србите и од Грците, Бугарија доживеа неуспеси и од Романците и од Турците. Опколена од сите страни, таа беше принудена да го потпише изнудениот Букурешки мир на 28. VII (10. VIII) 1913 година. Според договорот за мир, нејзе ѝ беа дадени Струмичко, Петричко, Џумајско, Разлошко, Мелничко и Неврокопско,[42]) т. е. пиринскиот дел и еден дел од Струмичка област, заедно со градот Струмица. На југ нејзината граница се протегаше кај с. Костурино, меѓу Валандово и Струмица.[43]) Горниот тек на реката Струмица ѝ припадна на Србија.[44])

---

[36]) **А. Христовъ, Исторически прегледъ на войната на България срещу всички балкански държави — 1913 г. София 1924, стр. 87.**

[37]) ИАС, ф. МЕЦС, пр. кн. бр. 4, стр. 152.

[38]) Междусъюзническата война 1913 г., стр. 124.

[39]) А. Христовъ, Исторически прегледъ на войната на България..., стр. 90.

[40]) ИАС, ф. МЕЦС, пр. кн. бр. 4, стр. 152.

[41]) К. Μπόνη, 'Η Στρώμνιτσα. Θεσσαλονίκη 1961 (сепарат), стр. 17. Не е во право авторот кога вели дека Струмица ја зазеле Грците на 24 јуни 1913 г., зашто во документите од МЕЦС (види: прилози, д. 1.) и оние што ги објавил Милетиќ („Гръцките жестокости въ Македония презъ гръцко-българската война“. София 1913, стр. 165) јасно стои дека Струмица била заземена на 26 јуни.

[42]) ИАС, ф. МЕЦС, пр. кн. бр. 4, стр. 153.

[43]) Мемоари Василија Трбиħа, Војводе Велешког, IV—V. Ракопис. Архив на Институтот за нац. историја, Скопје, сл. IV., 164, стр. 657—658.

[44]) Междусъюзническата война 1913 г., стр. 207.

Решението Струмица да ѝ припадне на Бугарија силно ги погоди грчките интереси во овој град. Грчките власти и гркоманите од градот, [45]) кога разбраа дека ќе ја отстапат Струмица, се собраа пред Грчката митрополија и решија „да го напуштат и запалат градот за да не ја преземат Бугарите толку „проклетата“ за нив Струмица, туку само нејзините урнатини“.[46]) Подготовките за напуштање на градот почнаа веднаш по телеграфското соопштение од крал Константин до струмичкиот митрополит Арсени.[47]) Градските и селските гркомани, заедно со голем број Турци и Евреи, беа терани да го напуштат градот, „зашто сакале божем Бугарите да дојдат и да ги исколат. И така принудени, сите градски и селски гркомани, Турци и Евреи ги напуштија Струмица и селата“.[48]) На населението му беше ветено, „дека во Кукуш ќе му направат „нова Струмица“ и дека грчкиот крал ќе се грижел за исхраната“.[49])

Евакуацијата на градот почна веднаш. Уште на 28 јули пофанатизираните гркомани, кои располагаа со свои превозни средства, ја напуштија Струмица.[50]) Нивниот пример даде силен поттик за масовно напуштање на градот. Грчкиот главен штаб ги даде на располагање превозните средства (волски коли, камиони и запрежен добиток) од Третиот воен корпус.[51]) За забрзување на евакуацијата, грчката влада испрати, на своја сметка, и воени автомобили. Иселувањето продолжи сѐ до 8 август.[52]) За време на иселувањето патот Струмица — Дојран претставуваше непрекинлив синџир од бегалци. Грчкиот воен питомец Бонис, очевидец на настаните, со гордост известува дека грчките воени и цивилни власти од височините на градот „и се восхитувале на ваквата патриотска акција на струмичаните“.[53])

По иселувањето на голем број гркомани, Турци и Евреи, на 8 август 1913 година, вечерта, Грците го запалија градот.[54]) Следниот ден Струмица одново беше запалена од повеќе страни, и сега пожарот траеше сѐ до 15 август.[55]) Беа изгорени повеќе од 1 900

---

[45]) Како великогрчката пропаганда успеала да ја претвори Струмица во тврдина на грцизмот и како била создадена силна гркоманска партија во градот, види опстојно: Б. Панов, Црковно-просветните борби во Струмичко во XIX век. Гласник на Институтот за национална историја, г. III, бр. 2. Скопје 1959, стр. 87—116. Од еден документ што го објавил Милетиќ во 1913 година се дознава дека до 28 јули 1913 година $^3/_4$ од населението на Струмица било гркоманско (Л. Милетичъ, Гръцките жестокости въ Македония, стр. 165).

[46]) К. Μπόνη, Ἡ Στρώμνιτσα, 17.

[47]) Исто, 17.

[48]) ИАС, ф. МЕЦС, пр. кн. бр. 4, стр. 153.

[49]) Л. Милетичъ, Гръцките жестокости въ Македония презъ гръцко-българската война. София 1913, стр. 166.

[50]) Исто, 166.

[51]) К. Μπόνη, Ἡ Στρώμνιτσα, 17.

[52]) Л. Милетичъ, Гръцките жестокости въ Македония, стр. 166.

[53]) К. Μπόνη, Ἡ Στρώμνιτσα, 17.

[54]) Л. Милетичъ, Гръцките жестокости въ Македония, стр. 166.

[55]) ИАС, ф. МЕЦС, пр. кн. бр. 4, стр. 153; Л. Милетичъ, ц. д., стр. 166.

јавни згради и приватни куќи, дуќани, кафеани и сл. Повеќето од нив беа гркомански, турски и еврејски.[56]) Изгоре целиот град, со исклучок само на маалата „Бабјак“ и „Чифлик“.[57]) Вредноста на изгорените објекти изнесуваше повеќе од 4 000 000 тогашни левови.[58]) Само вредноста на турските згради изнесуваше околу 3 156 000 тогашни динари.[59])

Освен градот Струмица, таа година изгореа и струмичките села Костурино, Раборци, Попчево, Чам Чифлик, Дабиља (1/2 — но), Ново Село и Зубово.[60]) Исто така, пред своето заминување, Грците го запалија и прочуениот Вељушки манастир. Пожарот скоро сè уништи.[61]) За Бонис ова невидено вандалство претставуваше „голем пример на патриотизам и непокорливо чувство, ретки во грчката историја“.[62]

Веста за запалувањето на Струмица брзо се пренесе во светската јавност. Уште додека гореше градот, пристигна солунскиот протестантски мисионер У. К. Кунер, за да се заземе за спречување на натамошно горење на Струмица. Благодарение на неговото застапување пред грчкиот командант Ангелидис и офицерите Немолос и Иоанидис, беше спасен преостанатиот дел на градот.[63])

Иако 10 август 1913 година беше определен Струмица да ја окупираат Бугарите, Грците во градот останаа сè до 17 август.[64])

## IV

За време на Првата светска империјалистичка војна, која почна во 1914 година, територијата на Македонија одново се претвори во средиште на воени судири меѓу силите на Антантата и Централните сили.

Поделбата на Македонија меѓу трите балкански буржоаски држави, како што можеше и да се очекува, не ја олесни, туку напротив — ја влоши положбата на Балканот. Балканските сојузници, откако ги окупираа, спротивно на „правото и праведноста македонските земји“, се најдоа „лице в лице еден спроти друг и секој од нив, признавајќи ја ненормалноста на поделбата на единствената земја со единствен народ, пројавуваше стремежи да ги присоедини

---

56) ИАС, ф. МЕЦС, пр. кн. бр. 4, стр. 154.

57) Л. Милетичъ, ц. д., стр. 166.

58) ИАС, ф. МЕЦС, пр. кн. бр. 4, стр. 154.

59) Историски архив Струмица (ИАС), фонд: Среско Вакуфско-Меарифско Поверенство, Среско Муфтиство Струмица (СВМП, СМС), Бр. 385, 8-XII-1921 год., 1—4.

60) ИАС, ф. МЕЦС, пр. кн. бр. 4, стр. 154.

61) Л. Милетичъ, Струмишките манастирски черкви при с. Водоча и Велюса. Македонски прегледъ, г. II, кн. 2. София 1926, стр. 35, 42; сп. и Г. Трайчевъ, Манастирите въ Македония. София 1933, стр. 171—172.

62) Κ. Μπόνη, Ἡ Στρώμνιτσα, 18.

63) ИАС, ф. МЕЦС, пр. кн. бр. 4, стр. 154; сп. и Л. Милетичъ, Гръцките жестокости въ Македония, стр. 168.

64) Κ. Μπόνη, Ἡ Στρώμνιτσα, 18.

кон себе и другите делови на Македонија".[65]) Првата светска војна, зафаќајќи го целиот свет, не можеше да го избегне Балканот, бидејќи тука постоеше „нерешеното, во свое време, балканско прашање и, главно, македонското прашање". [66]) Резултатите од Букурешкиот мир не ги задоволија целосно стремежите на ниедна од балканските буржоаски влади. Особено не беше задоволна Бугарија, која, сакајќи најмногу плен од „турското наследство", ја почнала Втората балканска војна, чиишто резултати, како што видовме, беа најнепогодни за неа. Двете балкански војни го ликвидираа Балканскиот сојуз. Заедно со тоа, беше ликвидирана една од најглавните пречки за експанзијата на австро-германските империјалисти на Балканот.[67]) Србија, истоштена од балканските војни, беше прва изложена на напади од Австро-Унгарија. Уште во почетокот на Првата светска војна, Србија беше принудена да мобилизира 1/6 од населението, т. е. околу 750 000 души за одбрана од Централните сили.[68]) За разлика од Србија, Бугарија во почетокот на војната остана „неутрална", со кое можеше да ги уценува двете големи империјалистички групи држави. Бугарската буржоаска влада, на чело со цар Фердинанд, настојуваше да ја искористи Првата светска империјалистичка војна за остварување на тоа што не успеа во балканските војни — окупирање на цела Македонија. Користејќи ја истовремено поволната ситуација што Србија беше нападната од Централните сили, бугарската влада, заедно со цар Фердинанд, на тајните преговори со Германија, настојуваше да добие, покрај Македонија, и делови од Србија, т. е. Јужна Србија со Моравска област. Како резултат од тајните преговори, на 19 септември 1915 година меѓу двете држави беше потпишан договор за сојуз и воена конвенција. Притоа, Германија се обврза да ѝ го „гарантира" на Бугарија придобивањето и анексијата на цела Вардарска Македонија и територијата на Србија на исток од реките Морава и Расина. Освен тоа, Германија даде согласност за анектирање и на делови од територијата на Грција и Романија. Со придобивањето на Бугарија, австро-германската армија, на 5 октомври 1915 година, под командата на генерал Макензен, почна нова офанзива против Србија. Веднаш потоа, на 14 октомври, од исток Србија беше нападната и од бугарската армија.[69])

Во екот на живата дипломатска активност на големите сили, бившата балканска сојузничка Грција не беше решителна која страна да ја прифати. А кога Бугарија потпиша договор за сојуз со Германија и кога на 19 септември изврши општа мобилизација,

---

[65]) Македонски глас, стр. 289.

[66]) Исто.

[67]) Б. Джорджевич, Борбата на сръбската социалдемократическа партия против войната, за мир и балканска федерация (1914—1915 г.). Исторически преглед, г. XXIII, бр. 1. София 1967, стр. 16.

[68]) Исто, 16—17.

[69]) Исто, 39.

вознемирена, Грција побрза, со помошта на силите од Антантата, да ги оневозможи бугарските намери, но веќе беше доцна.[70])

За разлика од агресивните стремежи на двата спротивни империјалистички блока, а посебно на балканските буржоаски влади, Првата светска империјалистичка војна ја дочекаа Македонците со надежи дека, со помошта на Русија и другите сили од Антантата, ќе ја премавнат окупацијата на нивната татковина од соседните држави. Желбите на Македонците беа јасно изразени, нив ги знаеја како европските политичари, така и државниците и политичарите од соседните држави. Македонците, и оние во земјата и оние што дејствуваа во одделни престолнини на Европа, „јасно и определено" истакнуваа дека „Македонија треба да биде самостојна, целосна, независна".[71]) Затоа и во новонастанатата ситуација, Македонците сестрано работеа да ги придобијат оние сили што им ветуваа ослободување и обединување на нивната татковина. Насилното завладување на Македонија од трите балкански држави, истакнуваа претставниците на македонскиот народ, не можеше да го лиши „македонскиот народ од неговото национално лице, од неговата волја да се чувствува таков, а не поинаков, и да се стреми кон извојување на признание за својата самостојност".[72]) Извесна надеж Македонците имаа сега и во можноста дека трите балкански држави ќе застанат на страната на Русија, Англија и Франција, т. е. на Антантата, и дека ќе го признаат „минатото непријателство и букурешката поделба . . . (на нивната б. м.) татковина како тешка грешка, која ќе треба што поскоро да се исправи и да се предаде на заборав".[73]) Меѓутоа, наскоро, со преминот на Бугарија на страната на Централните сили и со проширувањето на војната на Балканот, стана јасно дека македонскиот народ одново ќе биде изложен на агресивни напади од соседните армии и силите од двата империјалистички блока.

## V

Струмица и во текот на Првата светска империјалистичка војна доживеа тешки денови. Веднаш по окупацијата на Струмица, на 17 август 1913 година, бугарската влада побрза од овој град да создаде истурена база за уфрлање комитски чети во другите делови на Македонија, кои останаа надвор од границите на бугарската држава.[74]) За разлика од овие врховистички чети што ги

---

[70]) Р. Поплазаров, Прилог кон проучувањето на историјата на Македонија за време на Првата светска војна. Гласник на Институтот за национална историја, г. X, бр. 1. Скопје 1966, стр. 73 и сл.

[71]) Македонски глас, стр. 289.

[72]) Исто, 289—290.

[73]) Исто, 291.

[74]) Д. Тодоровиќ, „Окупацијата на Струмица 1919 година". Гласник на ИНИ, г. X, бр. 1. Скопје 1966, стр. 43.

предводеа Тодор Александров и Александар Протугеров и чијашто цел беше да ја присоединат цела Македонија кон Бугарија, во ова време постоеја и други македонски револуционерни чети што го поддржувале левото крило на ВМРО. На чело со Јане Сандански, овие македонски револуционери дејствуваа против приклучувањето на Македонија кон Бугарија. Откако почна Првата светска војна, меѓу двете групации на ВМРО дојде до жестоко пресметување. Јане Сандански — „Пиринскиот цар", кој се бореше за независна Македонија, стана жртва на платеници на бугарскиот цар Фердинанд.[75]) Со тоа, бугарските врховистички чети, од своите две главни бази — Струмица и Ќустендил, можеа послободно да упаѓаат во окупираната од Србите Вардарска Македонија. Со таквите свои акции Бугарија уште повеќе го зголемуваше теророт на српските власти врз населението.[76])

Пред вклучувањето на Бугарија во Првата светска војна, Струмица, со нејзината поширока област, беше претворена во средиште на активноста на бугарските врховистички чети. Особено забележлива беше терористичката акција на четите извршена јужно од Струмица, во пограничните места Валандово и Удово. Овој напад беше извршен на 2 април 1915 година под командата на бугарски и австриски офицери, специјалисти-пиротехничари. Главната цел на нападот беше да се прекине железничката линија меѓу Демир Капија и Гевгелија и, со тоа, да се спречи движењето на српската војска кон Солун. Во нападот учествуваа и турски четници. Бугарско-турско-српскиот судир кај Валандово и Удово имаше демонстративно-провокаторска цел, па затоа бугарско-турските чети, по извршената задача, се повлекоа на бугарска територија. Како резултат на нападот, загинаа околу 181 српски војници и офицери, а имаше и голем број ранети.[77])

Бугарските провокаторски акции влијаеја Србија и Грција да почнат преговори за зближување. Во таа смисла, уште пред општата мобилизација што ја спроведе бугарската влада, зачестија дипломатските контакти меѓу српската и грчката влада. За да добие воена помош од Грција, српската влада беше склона да ѝ отстапи на Грција извесни територии од Македонија. Ваквата поволна прилика ја искористи грчкиот претседател на владата Венизелос. Кога во септември 1915 година Бугарија изврши општа мобилизација, Венизелос лично се обрати до Пашиќ и го праша дали Србија „се согласува да се измени договорот за Сојуз (од мај 1913 год., б. м.), на таков начин Гевгелиска и Дојранска каза да ѝ припаднат на Грција и Србија да се откаже од секаква претензија над долината

[75]) Опстојно за тоа, види: П. Стојанов, „Неутралноста" на Бугарија и Валандовската афера во 1915 година. Гласник на ИНИ, г. IX, бр. 1. Скопје 1965, стр. 103—108; сп. Б. Джорджевич, ц. д., стр. 18.

[76]) Б. Джорджевич, ц. д., стр. 18—19.

[77]) П. Стојанов, ц. д., стр. 117, Андријевиќ, пак, известува дека при Валандовскиот упад бугарските комити убиле 189 српски војници (А. Андријевић, Струмица, стр. 10).

на Струмица".[78]) Поради опасноста од напад на Централните сили, Пашиќ одговори дека Србија би можела да се согласи на таа жртва, бидејќи Венизелос ветуваше дека нема да ги заборави сојузничките обврски кога Бугарите ќе ја нападнеле српската војска.[79]) Меѓутоа, грчкиот двор водеше друга политика, спротивна од онаа на Венизелос. Ориентацијата на политиката на грчкиот двор во овој момент беше свртена кон Германија. Во таа смисла, преку српскиот амбасадор во Атина, грчкиот двор настојуваше да ја натера Србија да премине на страната на Централните сили. За остварување на својата политика, грчкиот кралски двор го отстрани од власта Венизелос, а истовремено го отфрли српското барање за испраќање два грчки воени корпуса во брегалничко-кривопаланечките краишта, зашто Србија цврсто стоеше откај силите на Антантата.[80])

По нападот од австро-германската војска, на 5 октомври 1915 година, против Србија, во Солун дебаркираа англо-француски сили. Наскоро, на 13 октомври, тука пристигна и генерал Сарај, командант на силите на Антантата во Македонија. Бидејќи Србија беше оставена без грчка помош,[81]) тој веднаш испрати неколку воени единици кон Криволак. Со нападот на Бугарија, на 14 октомври, против Србија, територијата на Македонија беше претворена во широк воен фронт.[82]) Англо-француските единици успеаја, да стигнат дури до „скопската линија (во долината на Вардар, близу до Велес)".[83])

Со проширувањето на Првата светска војна и во Македонија, градот Струмица, заедно со своите околни села, стана средиште на жестоки воени акции меѓу Антантата и Централните сили. На 20 октомври 1915 година силите на Антантата успеаја да продрат во Струмица. Девет дена подоцна, Французите ја окупираа Струмица.[84]) Но, тие тука не останаа долго, бидејќи брзо беа истиснати од единиците на Централните сили. Бидејќи и натаму околу Струмица продолжија да се водат жестоки борби, градот беше изложен на постојани воздушни напади од страна на англо-француските авиони. На 5 ноември 1915 година 5 англо-француски авиони жестоко ги бомбардираа градот и околните села, исфрлајќи притоа 50 бомби. Главна цел на овие бомбардирања беа станицата и позициите на војската. Поради снегот што паѓаше од 12 — 15 ноември, а и поради густата магла која потоа падна и не се крена цели 10 дена, градот беше поштеден од натамошни бомбардирања.[85])

---

78) М. Ристић, Струмица, стр. 54.
79) Исто, 54; сп. и Р. Поплазаров, ц. д., стр. 71—72.
80) Р. Поплазаров, ц. д., стр. 72.
81) М. Ристић, Струмица, стр. 54.
82) Р. Поплазаров, ц. д., стр. 74.
83) ИАС, ф. МЕЦС, пр. кн. бр. 4, стр. 200.
84) Х. Андонов-Полјански, Еден „Тајмсов" преглед за текот на Првата светска војна во Македонија. Историја, г. I, бр. 2. Скопје 1965, стр. 32.
85) ИАС, ф. МЕЦС, пр. кн. бр. 4, стр. 200.

Во меѓувреме воените операции на боиштата во Македонија беа сѐ поповолни за Централните сили. Англо-француските сили, кои дојдоа до Велес, беа разбиени од единиците на Централните сили. По претрпените порази, тие беа натерани да се повлечат кон Дојран — Гевгелија и Воден — Битола.[86]) На 19 ноември командантот на силите на Антантата, генерал Сарај, доби наредба од Париз да ги повлече своите единици на југ во Македонија. Веднаш потоа, на 25 ноември, и српската врховна команда издаде наредба за општо повлекување кон Јадранско Море.[87]) На 29 ноември во Струмица веќе почна да кружи веста дека бугарската војска ја зазела „цела српска Македонија" и дека заедно со австро-германските единици, ја зазеле и цела Стара Србија.[88])

Како резултат од општото повлекување на силите на Антантата, и во реонот на Струмица почнаа да се повлекуваат Англичаните. На 6 декември тие ги изгубија фронтовските окопи околу Струмица. Еден ден подоцна, отстапија и се повлекоа кон Солун.[89]) На 1 јануари 1916 година во Струмица пристигнаа германски воени единици.[90]) Освен во градот, германските војници се распоредија и по селата Добрејци, Робово и С'чево.[91]) До 18 јануари бугарско-германските единици успеаја да дојдат до грчката граница. Тие тука се запреа, за да се подготват за нова офанзива кон Солун.[92])

Планот на германската команда предвидуваше и тоа за извесно време да се запре гонењето на противникот, така што да се задржи на Балканот што повеќе англо-француска војска, кое пак би влијаело да ослабне силата на Антантата на Западниот фронт.[93])

Спрема англискиот фронт, кој се наоѓаше јужно од Беласица, на самиот врв на планината, бугарските и германските единици изградија утврдена бојна линија од ровови. За довлекување коли, камиони и топови беше изграден и колски пат низ Беласица. Од оваа одбранбена линија германско-бугарските топови постојано ги биеја англиските окопи.[94]) За полесно движење и снабдување на војската, Германците и Бугарите почнаа да градат — од Петрич до Струмица — и железничка пруга со тесен колосек.[95])

---

86) ИАС, ф. МЕЦС, пр. кн. бр. 4, стр. 200.

87) Р. Поплазаров, Прилог кон проучувањето на историјата на Македонија за време на Првата светска војна, стр. 74—75; М. Ристић, Струмица, стр. 54.

88) ИАС, ф. МЕЦС, пр. кн. бр. 4, стр. 200.

89) Х. Андонов-Полјански, Еден „Тајмсов" преглед за текот на Првата светска војна во Македонија, стр. 32.

90) ИАС, ф. МЕЦС, пр. кн. бр. 4, стр. 200, додаток од страна на документот.

91) ИАС, ф. МЕЦС, пр. кн. бр. 4, стр. 210.

92) Исто, стр. 200.

93) Щ. Атанасов, Д. Христов, Б. Чолпанов, Българското военно изкуство през капитализма. София 1959, стр. 266.

94) М. Ристић, Струмица, стр. 6.

95) Исто, стр. 22. Пред евакуацијата во 1919 г. Бугарите ги однеле шините.

Во текот на 1916 година сојузничките трупи почнаа нови операции на струмичкиот терен.[96]) Тоа беше обусловено и од развојот на настаните на Западниот фронт. Германците мораа да повлечат дел од војската што се наоѓаше на Македонскиот фронт. Тоа, како и пристапувањето на Романија кон Антантата, влијаеше во август 1916 година антантските сили да ги нападнат германско-бугарските позиции на просторот меѓу Дојранско Езеро и реката Вардар. По жестоките битки, антантските воени единици биле одбиени.[97])

Од крајот на 1916 година воените дејства на Македонскиот фронт придобија карактер на позициска војна. Двете страни беа истоштени, па затоа не се решаваа за поголеми акции.[98]) Дури од април 1917 година сојузничките армии почнаа да преземаат порешителни акции. Во текот на мај англиските трупи успеаја да продрат кон Дојран.[99]) Тие ги нападнаа со артилерија германско-бугарските окопи, но и овојпат беа одбиени.[100]) Со дефинитивното придобивање на Грција од Антантата, во јуни 1917 година, сојузничките армии можеа да преземат офанзива против Централните сили на Македонскиот фронт.[101]) Според планот од 1918 година, на Централните сили требаше да им се нанесе решителен удар во правецот Воден — Добро Поле — Градско и Кукуш — Струмица — Битола. Во август четири англиски и две грчки дивизии со 30 топови добија задача да нанесат удар во правецот Кукуш — Струмица. Во септември тие ги нападнаа германско-бугарските позиции западно од Дојранско Езеро. Според планот, по разбивањето на бугарско-германските војски, тие требаше да ја заземат Струмица. На 25 септември антантските сили успеаја да дојдат до Беласица.[102])

Со победата на Антантата на Солунскиот фронт и на струмичкиот терен престанаа воените акции. На 29 септември 1918 година беше склучено примирје меѓу штабот на Командата на сојузничката источна војска и делегацијата на бугарската влада. Според одредбите на солунското примирје, Бугарија беше принудена да се повлече во рамките на предвоените граници.[103]) За време на преговорите бугарската делегација најмногу се залагаше окупацијата на Струмица да ја изврши француска и англиска војска, без учество на српски единици. Французите ја усвоија бугарската молба, со кое Струмица и околијата, од октомври 1918 па сѐ до ноември 1919 година, беа управувани од бугарски власти и од воени претставници на француската и на англиската војска. За време на ова едного-

---

96) А. Андријевић, Струмица, стр. 32.

97) Щ. Атанасов, Д. Христов, Б. Чолпанов, Българското военно изкуство през капитализма, стр. 268.

98) Исто, стр. 290.

99) Х. Андонов-Полјански, Еден „Тајмсов" преглед ..., стр. 30.

100) Щ. Атанасов, Д. Христов, Б. Чолпанов, ц. д., стр. 290.

101) Р. Поплазаров, Прилог кон проучувањето на историјата на Македонија, стр. 91.

102) Щ. Атанасов, Д. Христов, Б. Чолпанов, ц. д., стр. 296.

103) Д. Тодоровиќ, „Окупацијата на Струмица 1919 година", стр. 44.

дишно сојузничко владеење, во Струмица се наоѓаа 150 војници од француската колонијална пешадија.[104])

Во 1919 година, кога се одржуваше Мировната конференција во Париз, новоформираното Кралство на Србите, Хрватите и Словенците, за да има што посигурна стратегиска граница спрема Бугарија, постави барање преку својата делегација за извесна корекција на границата, кое барање беше само делумно прифатено. Со тоа, некогашната српско-бугарска граница, утврдена со Букурешкиот мир од 1913 година, сега претрпе извесни мали корекции, бидејќи т. н. агол Струмица му беше даден на Кралството СХС.[105]) Овој крај тоа го доби како надополнување за несреќниот валандовски напад 1915 година од страна на Бугарите, а и за да се добие стратегиско осигурување на главната железничка комуникација вдолж Вардар, која на планината Плауш беше доста загрозена од бугарски напади.[106])

Решението Струмица да му припадне на Кралството СХС доста многу ги погоди бугарските интереси во овој град. За време на едногодишното сојузничко владеење, бугарските власти брзаа да пренесат во Бугарија сѐ што беше можно. Како последица од војната, а особено од бугарските грабежи, во Струмичко завладеа глад, иако овој крај беше доста плодороден. Освен тоа, голем број струмичани, под влијание на живата пропаганда, се иселија во пиринскиот дел на Македонија. На овој начин Струмица доста запусте.[107])

На 14 октомври 1919 година Командата на сојузничката војска упати нота до бугарската влада да ги евакуира своите сили од Струмичка област. Во нотата се нагласуваше дека Струмица треба да ја окупира српска војска и дека во градот ќе биде воспоставена сојузничка воена управа.[108]) Евакуацијата на Бугарите од Струмица беше доста одолговлекувана. Најпосле, кога дојде на власт владата на Александар Стамболиски, во октомври 1919 година, Бугарите се помирија со загубата на Струмица.[109]) И грчката влада, на чело со Венизелос, исто така се согласи Струмица да ја окупираат Србите. Грците сметаа кога Струмица не можела да ѝ припадне на Грција, илјадапати било подобро што таа е одземена од Бугарите и им се дава на Србите.[110])

По краткото сојузничко владеење, на 16 ноември 1919 година српски трупи ја окупираа Струмица.[111]) Смената на бугарската уп-

---

104) А. Апостолов, Вардарска Македонија од Првата светска војна до изборите за конституантата — 28 ноември 1920 година. Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, кн. 13, бр. 2. Скопје 1962, стр. 70.

105) Д. Тодоровиќ, ц. д., стр. 44 и бел. 2; сп. и А. Апостолов, ц. д., с. 70.

106) М. Ристић, Струмица, стр. III.

107) А. Апостолов, Вардарска Македонија . . ., стр. 71.

108) Д. Тодоровиќ, „Окупацијата на Струмица 1919 година", стр. 46.

109) Исто, стр. 46—47.

110) М. Ристић ,Струмица, стр. 56.

111) Д. Тодоровиќ, ц. д., стр. 48—56; А. Апостолов, ц. д., стр. 70—71.

рава со српска беше извршена на 24 ноември 1919 година. И покрај тоа, последната група бугарски чиновници, на број 171 лице, дури на 23 декември конечно ја напуштива Струмица.[112]) Освен градот Струмица, Кралството на СХС доби во горниот тек на реката Струмица и 66 села, групирани во 10 политичко-административни општини.[113]) Под власта на Србите Струмица остана сѐ до капитулацијата на стара Југославија.

## VI

Борбата на македонскиот народ за премавнување на режимите во окупираните македонски територии и за извојување независност на својата татковина не беше прекината со проширувањето на Првата светска војна на Балканот и со создавањето на Македонскиот фронт. Уште од 1915 година почнаа да доаѓаат до израз стремежите на Македонците за создавање автономна Македонија под протекторат на големите сили. Во таа смисла, уште кон крајот на 1915 или во почетокот на 1916 година, во Велес беше организиран состанок на кој зедоа учество Петар Поп Арсов, Ризо Ризов и др., на кој се разгледуваше можноста за борба за автономија на Македонија во условите на војната.[114]) Успехот што го постигнаа Бугарите и нејзините сојузници кон крајот на 1915 година на боиштата во Македонија не расколеба мнозина Македонци, вклучени во редовите на бугарската армија,[115]) масовно да дезертираат. За одбележување е фактот дека за време на воените операции по реката Вардар што ги водеа Англо-Французите и Србите против бугарската и германската војска, од страна на бугарската војска „дезертирале, само од Струмичкиот округ, 670 души кај Англо-Французите и по планините. Само од градот Струмица имаше 15 души".[116]) Овие документарни податоци, од своја страна, јасно зборуваат дека Македонците и за време на Првата светска војна не само што избегнуваа да се борат за туѓите интереси, туку се одметнуваа по планините и, на тој начин, се готвеа да ја ослободат својата татковина. Особено масовна стана појавата Македонците да дезертираат од окупаторските армии на соседните држави при крајот на војната. Голем беше бројот на војниците — дезертери што се повлекоа во Малешевијата. Заедно

---

112) Д. Тодоровиќ, ц. д., стр. 59; сп. М. Ристић, Струмица, стр. 53. Ристиќ го пренесува извештајот од „Политика", бр. 4280 од 31. XII. 1919 г., каде што стои дека на 24 декември 1919 г. биле „сменети сите бугарски државни чиновници на територијата што ја окупиравме".

113) М. Ристић, Струмица, стр. III.

114) Ив. Катарџиев, Антантата и македонското прашање во текот на 1918 година. Гласник на ИНИ, г. VIII, бр. 2. Скопје 1964, стр. 104.

115) За мобилизацијата на Македонците во бугарската армија од страна на бугарската влада и воена команда, види: Б. Джорджевич, Борбата на сръбската социялистическа партия против войната, стр. 18; А. Апостолов, Вардарска Македонија . . ., стр. 29.

116) ИАС, ф. МЕЦС, пр. кн. бр. 4, стр. 207.

7*

со себе тие понесоа и големо количество оружје. Српските извори недвосмислено говорат дека револуционерните организации на Македонците располагале со оружје и дека се чекало момент да дигнат востание. За масовното дезертирање на Македонците од окупаторските армии голема улога одиграа и идеите на Октомвриската социјалистичка револуција, кои нашироко продреа и меѓу војниците на боиштата во Македонија. Бидејќи македонските револуционерни организации работеа на тоа да „кренат револуција . . . па потоа да прогласат република во Македонија“, беше развиена засилена пропаганда меѓу народот да одбива секакво учество во окупаторските армии.[117]) Кон крајот на војната, револуционерниот бран што беше одраз на Октомвриската револуција ја опфати и Струмица. Носители на идеите на Октомвриската револуција на струмичкиот терен беа војниците што се враќаа од фронтот. Освен одгласот на Октомвриската револуција, за револуционизирањето на струмичани влијаеше и „зелениот кадар“, инаку доста масовен во Малешевијата. Тој беше составен, освен од војниците-дезертери, и од незадоволните Македонци од режимот на бугарската власт. Како резултат од револуционизирањето на струмичкото население, на 17 август 1919 година, на изборите во струмичката изборна единица, победа извојуваа тесните социјалисти.[118]) Револуционерното движење, кое при крајот на војната ги обфати повеќето македонски областа, доста влијание одигра врз дипломатската активност на големите сили. Кај нив сѐ повеќе беше присутна потребата од организирање на Македонија како автономна државна единица на Балканот под туторство на големите сили.[119]) Меѓутоа, таквите настојувања брзо пропаднаа, со завршувањето на Првата светска војна. На Мировната конференција во Париз во 1919 година, со извесни измени, големите сили одново се сложија територијата на Македонија да остане под окупацијата на Бугарија, Грција и Србија.

## VII

Резултатите од војните во 1912 — 1913 и 1915 — 1918 година беа катастрофални за Струмица. Скоро целиот град беше опожарен од Грците во 1913 година. Освен тоа, Струмица доста беше изложена на сувоземни и воздушни напади и во текот на Првата светска војна. За жестоките борби што се водеа на струмичкиот терен зборуваат и големите жртви што ги дадоа Германците, Бугарите, Романците, Французите, Грците и др. Тоа се потврдува и од големиот број гробови околу Струмица на загинати војници од спомнативе националности во периодот од 1916 — 1918 година.[120])

---

117) А. Апостолов, Револуционерните прилики во Македонија како одраз на Октомвриската револуција. Историја, г. IV, бр. 2. Скопје 1968, стр. 31—34.

118) А. Апостолов, Вардарска Македонија . . ., стр. 71.

119) Ив. Катарџиев, Антантата и македонското прашање . . ., стр. 75.

120) А. Андријевиќ, Струмица, стр. 10.

Балканските и Првата светска војна направија од Струмица „еден разорен, опожарен, разурнат и запуштен град".[121]) Како последица од војните, значително се смали бројот на жителите на Струмица. Градот, кој во крајот на XIX век имаше 10 160 жители,[122]) во 1910 година 25 000,[123], а спроти самата Прва балканска војна околу 12 000 души,[124]) и кој струмичани со гордост го нарекувале „Мал Истанбул",[125]) за време на војните бил претворен во урнатини и, поради масовното иселување на Турците, гркоманите, бугарашите, Евреите,[126]) бројот на жителите се смали на околу 6 098.[127])

Долго време требаше да помине изгорената, разурната и економски сосипана Струмица да ги излечи раните од војните. Поради поделбата и окупацијата на Македонија, Струмица ги изгуби своите богати трговски врски со Петрич, Серез, Солун и со другите македонски градови. Резултат: Струмица, од централен македонски град, центар на округ, се претвори во мало погранично гратче, кое за време на српското владеење беше изложено на постојани напади од уфрлени бугарски четници. Дури по ослободувањето на нашата земја, Струмица можеше да израсне во поголем град, да го достигне, па и престигне бројот на жителите од пред 1912 година.

## VIII

### ПРИЛОЗИ

Необјавените документи врз кои главно е напишан овој труд, овде се објавуваат првпат, и тоа четирите (под реден број 1—4) од бугарски на македонски, а петтиот — од српскохрватски на македонски јазик.

Првите четири документи се испишани од Протоколната книга од фондот на Методистичко-евангелистичката црква на Струмица, кој се чува во Историскиот архив на Струмица, а петтиот од фондот на Околиското Вакуфско-Меарифско Поверенство, Околиско Муфтиство Струмица, кој исто така се наоѓа во Историскиот архив на Струмица. Автор на првите четири документи

---

121) М. Ристиħ, Струмица, стр. V.

122) Б. Панов, Црковно-просветните борби во Струмичко во XIX век, стр. 84 сл.

123) Според Нуфуз-тефтерите (статистики) од 1910 г., Струмица имала 25 000 души. Преку 10 000 биле мухамедани, околу 1 000 Евреи, а другите христијани (види: А. Андријевиħ, Струмица, стр. 29).

124) М. Ристиħ, Струмица, стр. V.

125) Исто.

126) Исто, 21.

127) М. Ристиħ, Струмица, стр. 20. Овој број е според пописот на српските власти во крајот на 1919 и почетокот на 1920 г. Според повторниот попис од 31 XII. 1921 г., Струмица имала 6 453 души. Од овој број, мештани биле 3 690, а бежанци, доселени од Дојран и од други градови и села 2 763. Според еден извештај од мајорот А. Стојановиќ, непосредно пред окупацијата на Струмица во 1919 г. градот имал околу 9 000 жители (види: Д. Тодоровиќ, „Окупацијата на Струмица 1919 година", стр. 55).

е секретарот на протестанската црква во Струмица П. Д. Темков, а на петтиот — околискиот муфтија Наду Латиф Дјулкм.

Со исклучок на сосем мали скратувања на текстот на првиот документ, кои се од религиозна природа, документите се објавуваат во целост.

1

*1912 г. Октомври 22. — Ослободувањето од турското ропство*

На 18 септември 1912 се слушна дека Бугарија, Србија, Грција и Црна Гора ги мобилизирале војските и ѝ предложиле на Турција да им даде автономија на Македонија, Одринско, Стара Србија и Епир. Се чу дека 4-те балкански државички ќе дејствуваат заеднички. Тие ѝ доставиле на Високата Порта Ултиматум. Таа не обрнала внимание, бидејќи ги сметала за ништожни државички. Војната почна од Црна Гора, кај Беране. Наскоро потоа, на 5 октомври, почна и на другите места. До 9 октомври ништо сигурно не се знаеше. На 9 октомври изутрина се разнесе страшен слух за Турците, дека бугарска војска влегла во Малеш. И движењето по улиците се прекрати. Вооружен башибозлук ги обиколуваше улиците и се готвеше за колеж. Се разнесе морничав писок низ градот. Почнаа луѓе да бегаат низ улиците, дуќани да се затвораат и секој христијанин гледаше да се сокрие каде и да е. Изгрмеа две пушки по оние што бегаа по улиците, но веднаш кајмакамот и некои бегови строго забранија ништо да не се случи. По 2—3 часа полето се наполни со бегалци од Малеш. Тамошната управа, џандармеријата и сите тукуречи ги наполнија струмичките улици. Тие им донесоа и страшни известија на Турците. Ги исплашија до немајкаде. По неколку дена еве ти бегалци и од Радовишко. Управата, беговите и граѓаните дојдоа најпрвин, а после ете ти ги и сите турски села потекле со долги кервани од воловски, биволски коли и натоварени коњи и магариња, потерале стада овци и кози. Повлекле жени, деца натоварени со завивки и, тук-таму, со покуќнина. Немаше веќе место каде да се соберат. Порано дојдените почнаа да бегаат кон Дојран, Кукуш, Солун.

Управата тука затвори околу 600 души граѓани и селани во касарната, како заложници, бидејќи носеле нешто христијанско за да мируваат, инаку ќе ги истепале фатените.

Во меѓувреме се чу дека во околината телеграфските и телефонските жици се испокинати од четите.

Еден ден во градот донесоа два брдска топа и со нив го бомбардираа с. Куклиш. Истепаа околу 20 души и им го ограбија имотот. Сега скитаат по другите села, како во Свидовица и сл.

Граѓаните Турци, кога видоа како бегаат нивните сограѓани од Малеш и од Радовиш, почнаа и тие да бегаат. Тоа власта строго го забрани. Дури го заплаши со смрт секој оној од нив што ќе се обидеше да бега. Тоа беше план божји да не се запали градот од страна на Турците ако беа избегале.

На 21 октомври, понеделник, околу $4^1/_2$ ч. по европски, се слушнаа топовски грмежи откај Радовишко.

Кога заредија неколкупати, што да видиш! Кога ми потече онаа маса Турци мохаџири со коли, со коњи, пеш. Се расплакале жени, деца и нестрп-

ливо брзаат да избегаат надвор од градот. Меѓу нив — преостанатиот градски гарнизон војници, со своите офицери, со голема брзина ги шибаа натоварените коњи со оружје и припас, готови да ги згазат сите што беа пред нив.

Не по волја на човека му се сакаше да плаче пред таквата слика. Но тешко на народ што има управници какви беа турските. Војската која требаше да го брани овој исплашен народ од старци, жени и деца и да стои како предна и задна стража, напротив, прва избега. За срам на нивното 5-вековно царување! Им се растовари еден од коњите натоварен со 2 каси куршуми и ги оставија касите среде пат и избегаа. Тешко на народ со таква војска.

Топовските грмежи веќе не се повторија, но околу 1 ч. по улиците уште се гледаше понекој Турчин што натоварил коњ или магаре или кола со некои најпотребни нешта. Ги забрал жена си и жалните (повеќето) боси деца, врви на југ — кон Дојран и до дека ќе стигне веќе! Жалниот народ!

По 1 час сѐ се смири. Една мртва тишина завладеа низ улиците на градот. Никој уште не смееше да излезе. Секој миг очекувавме градот да се запали од некој крај, но слава богу нема одникаде.

Се стемни, но христијанска војска уште не можеше да видиме! Почнавме да се плашиме да не останеме така оваа ноќ. Се разнесе слух дека војската иде и почнаа да чукаат по портите за леб за војниците. Навистина, ноќта капетанот Алексиев, со една чета од 26 Радомирски полк, пристигнал во градот и го зазел управниот дом и касарната.

На 22 окт., изутрина, одевме да ги поздравиме милите ни ослободители; бог да ги благослови! Се разнесе слух дека тоа утро ќе стане свечениот пречек на бугарската војска надвор од градот.

Целиот град излезе надвор. Бугарскиот и грчкиот владика, муфтијата и граѓанството собрани го чекаа пристигањето на војската. Почнаа да доаѓаат кон градот убави стројни бугарски јунаци со уште попристегнати и убави офицери. Извираа со илјади. Но окото не се уморува да ги гледа. Пристигна и бригадниот командир генерал Атанасов со свитата офицери, меѓу кои имаше и двајца српски офицери.

Зостанаа меѓу оглушувачкото ура од насобраниот народ. Неговото Пресвештенство Герасим, бугарскиот митрополит, произнесе кратка реч за случајот, а муфтијата им поднесе сребрена чинија со леб, сол и клуч.

Генералот ги зеде и искажа благодарност дека градот се предал без отпор, кога се вети дека ќе ги чува животите, имотот и честа на мирното население, а виновниците ќе бидат осудени во согласност со воените закони. Војската не застана, туку се упатија право кон Солун.

Истиот ден пристигнаа и српски единици. Се распореди градот да остане под српски командант.

По тие мирни глетки, почнаа страшни нешта. Бидејќи Турците од градот беа тукуречи сите останале, почнаа да ги фаќаат повиновните и сомнителните и ги осудуваа на смрт. Се избра комисија од тројца граѓани и српскиот командант со двајца други српски офицери — да ги разделат виновните од невиновните и да ги предадат на смрт. Убијците на осудените беа четници. Ги убиваа со мал штик надвор од градот. Бидејќи имаше повратници од Дојран, Кукуш од бегалците, тука убија повеќе од други места.

Голема беда беа за Турците, од една страна, лошите дождови, и од друга страна ножот на безмилосниот одмаздник за крвта на загинатите Бугари. Многумина изумреа по патиштата од студ, глад и влага. Неколку дена наред и имотот им се ограбуваше. Навистина, страшни проклества! Но мене ми е страв, бидејќи нашиот народ овде направи непростливи грешки тие денови. Уште еднаш овој народ покажа дека не е христијански и дека има потреба од Христа . . .

Одново пламна војна со Турците. Одрин беше причината. Не беше уште преземен од Бугарите. Градот Одрин беше опкружен и се очекуваше да биде нападнат. Турските војски се обидоа, преку Булаир и Родосто, да префрлат војски и да му отидат на помош на Одрин, но не успеаја. Одрин беше нападнат од бугарска и, делумно, од српска војска и беше преземен. Таму паднаа 11 илјади бугарски војници. По тоа, по долги преговори во Лондон, беше потпишан мир меѓу Турција и сојузниците под услов границата меѓу Бугарија и Турција да биде Мидија-Енос.

Караниците, меѓутоа, меѓу сојузниците растеа постојано. Србија не сакаше да го исполни договорот со Бугарија, зашто Битолско останува бугарско. Романија, од друга страна, претендираше над Силистра и околината. Односите меѓу балканските државици многу се изостриja. Грција во Солунско и Серско предизвикуваше, заземајќи места кои бугарската војска беше ги освоила. Австрија тајно ја распалуваше омразата меѓу нив.

Најпосле, на 16 јуни 1813 година, се поткачи Втора војна меѓу Бугарија, од една страна, и Србија и Грција и Црна Гора, од друга страна.

На западниот фронт, кон Гевгелија, Криволак, Штип и Кочани, Србите ги разбија Бугарите и почнаа да отстапуваат. И, на 26 јуни 1913 година, Грците ја презедоа Струмица. Многу бугарски резерви беа запленети при новоселскиот премин, меѓу Огражден Планина и Беласица. Тоа отстапување ги поттикна Србите и Грците и ја прогонија бугарската армија дури до старите граници. Откога се откажаа од тоа, бугарската армија силно се спротивстави и, кај Пехчево, Калиманско Поле и Кресна, го отежна движењето на грчките единици. Во Кресненското Дефиле беа опсадени 3 дивизии грчка армија. Тогаш и Романија, подбутната од Русија, ја нападна Бугарија. Романска војска го премина Дунав и навлезе во бугарска територија. Дури, стигна на неколку часа до Софија. Турција пак, поттикната од Германија, го заземе Одрин. И така, опколена од сите страни со заколнети непријатели, Бугарија беше принудена да го потпише изнудениот Букурешки мир, со кој беа определени многу чудни граници. Од Македонија на Бугарија ѝ беа дадени само Струмичко, Петричко, Џумајско, Разлошко, Мелничко и Неврокопско. А со Турција требаше одново да се склучува договор, кога на Бугарија ѝ се остави од Тракија следново: Ѓумурџина, Скеча, Деде-Агач, Аха Челеби, Артакој Мустафа Паша и др.

Грците, кога разбраа дека треба да ја остапат Струмица, на 9 август 1913 го запалија градот, при кое претходно ги присилија градските и селските гркомани, како и Турците и Евреите, да ги напуштат градот и околијата, бидејќи требало, божем, Бугарите да дојдат и да ги испоколат. И така принудени, сите градски и селски гркомани, Турци и Евреи ја напуштија Струмица со селата. Изгореа повеќе од 1 900 згради, повеќето грчки, турски и еврејски

(меѓу нив и бугарски). Вредноста на изгореното изнесува повеќе од 4 000 000 лева. Селата исто многу настрадаа, кога некои од нив беа опожарени, а други ограбени. Изгорени села за време на војната: Костурино, Раборци, Попчево, Чам Чифлик, Дабиља (1/2 но) и Ново Село. Изгорено за време на отстапувањето — Зубово

Ете тоа го донесе втората војна меѓу сојузниците. Многу настрада народот со бегањето во Бугарија. Илјадници изумреа од колера и во битките. Само војска Бугарија изгуби 100 000 души за време на тие две војни, а и многу провизии. Економски се сосипа, политички исто, а тоа е главно бидејќи бог очекуваше од Бугарите повеќе христијанство, додека тие се покажаа многу жестоки спрема победените Турци . . .

За одбележување е дека при горењето на градот дојде г-н У. К. Кунер, солунски мисионер што беше повикан од проповедникот Темков и г-дата Анастасов, Трајков Мане Стаменов, Панде Пајванов. И, со неговото застапување и молење, кај грчкиот командант Ангелидис и офицерите Немолос и Иоанидис, се спаси преостанатиот дел на градот. Како преведувачи на грчките офицери им беа на услуга г-н Маноил Вета и син му г-н Никола М. Вета.

Бидејќи така се сменија политичките услови во нашата земја, тогаш беше во застој и самиот врвеж на црковните работи.

Во периодот од I до II војна црквата ни се полнеше со надворешни слушатели: ополченци, војници, офицери и чиновници.

Поради движењето на делови од војската од Тракија за Македонија, ни се даде случај да се сретнеме со доста познати и проверени од Бугарија.

Имавме случај еднаш да го води собранието на Младеж. Хр. Стор. Друж. г-н капетанот В. Чакалов, сега унапреден мајор. Во друг случај младинецот г-н Павел Камов нè услужи со раководење на црковниот хор и свирејќи на оргула.

Нашата црква им притекна на помош на ранетите војници и му подари, преку касата за бедни, на бугарскиот Црвен крст 30 лв.

Историски архив — Струмица, фонд: Методистичко-евангелистичка црква — Струмица, протоколна книга бр. 4, 1895—1921, стр. 146—155.

2

1915 г. Ноември 11

Тој ден е достоен да се одбележи во нашите архиви, бидејќи овој ден 5 англо-француски авиони ги бомбардираа градот и околината со околу 50 бомби. Сосем близу до нашата црква, околу 50—100 м на север, југ и запад, паднаа со страшна сила три бомби, наменети за т.н. станица и некои делови од војската. Во овој реон ништо не повредија, но во реонот „Св. Петнаесет“ убија еден старец (цивил) и офицер, како и војници. Но, за чудо, по овој ден,

од 12—15 ноември, падна голем снег и стана ужасно студено, па им попречи на авионите. Но, за одбележување е дека потоа падна густа магла над Струмичко и се задржа повеќе од 10 дена. Авиони бучеа над градот, но не можеа да се ориентираат каде се. Чудно провидение божје!

Најпосле, на 29 ноември 1915 година, веќе се разнесе новината дека нашата војска ја зазела и ослободила цела српска Македонија. А со Австро-Германците, наедно, нашите ја презеле цела Стара Србија.

Англо-Французите, кои дојдоа на скопската линија (во должината на Вардар, близу до Велес), најпосле, беа потерани, со големо бегство и пораз, кон грчката граница, на југ од Дојран — Гевгелија и Воден — Битола. И до денес, 18 јануари 1916 година, нашите и германските војски стојат на грчката граница. Се готви нова офанзива кон Солун.

Од Нова година 1916 наваму во Струмица веќе има германски војници и безжичен телеграф.

јануари 18, 1916 — П. Д. Темков

Струмица — Секретар

Историски архив — Струмица, фонд: МЕЦС, прот. кн. бр. 4, 1895—1921, Стр. 200.

3

Види!

Мај 8, 1916 г.

За свидетелство дека евангелистите му се верни на народот повеќе од православните и католиците и безверниците!

Добиени се податоци дека за време на војната со Англо-Французите и Србите при реката Вардар од нашите војници дезертирале (од Струмичкиот округ само) 670 души кај Англо-Французите и по планините. Само од Струмица 15 души! *Од тие 670 души немало евангелисти?* Тие, евангелистите се само грехофоби и богофили, а не како другите — грехофили и богофоби

ИАС, ф. МЕЦС, прот. кн. бр. 4, 1895—1921, стр. 207.

4

Господна вечера

На 3/16 април 1916 година, на св. Недела, по редовната богослужба, се отслужи господна вечера од пастирот и на 10/23 апр. 1916 (Велигден), по особената желба на германски офицери, беше наредено да се отслужи богослужба со слово и господна вечера за нивните војници (можерани) кои се наоѓаа во с. Добрејци, Робово и С'чево.

И во 2 ч. попладне, истиот ден, нивниот воен пастир Вилхелм, во присуство на 250 души германски војници (протестанти), им одржа слово, а потоа отслужи господна вечера само за протестантите.

Струм. април 11/24, 1916 — Секретар

ИАС, ф. МЕЦС, прот. кн. бр. 4, 1895—1921, стр. 210.

**ВМ, бр. 5697**

25-XI- 1921 г.

## СПИСОК

на џамии, теќиња, месџиди и вакуфски згради, кои за време војната во последните години се употребувани и искористувани за воени потреби, па во таквите прилики настрадале и се разурнати во воените операции

| Реден број | Назив на зградата | Каде се наоѓа | Кон кој вакуф припаѓа | Има ли некаква историска или архитектонска вредност | Како се оштетени, кој ги употребувал и за какви потреби и што е на нив оштетено, разурнато или изградено и кога тоа било | Колку би требало пари за дотерување во исправна состојба дин. пари |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 1. | Џамија „Инќар“ | во Струмица | Струмички | Има историска (вредност), подигната од Мурат 1 | Во авлијата на оваа џамија се наоѓале медреса и фефхане од 12 соби, кои во 1913 г. ги спалила грчка чета, а минарето на џамијата во 1912 г., го разурнала бугарската војска. Целит покрив на џамијата бил од олово, кое во 1914 г. го украле Бугарите | 400 000 |
| 2. | Медреса „Халимбеј“ | „ | „ | | Во 1913 г. ја запалила грчка чета. Била на 2 ката со 10 соби | 75 000 |
| 3. | Основна школа | „ | „ | | Во 1913 г. ја запалила грчка чета. на 2 ката со 2 соби и 2 сали | 150 000 |
| 4. | Амам „Емин Ефенди“ | „ | „ | Подигнат пред 400 години | Во 1915 г. Бугарите го реквирирале за магазин за намирници. По војната, било оставено сосем расипано | 125 000 |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 5. | Медреса „Кара-каш Мустафа“ | „ | „ |
| 6. | Теќе „Чулизаде“ | „ | „ |
| 7. | Месџид „Фирмие-беј“ | „ | „ |
| 8. | Џамија „Кара Али“ | „ | „ |
| 9. | Женско основно училиште | „ | „ |
| 10. | Медреса „Муфти Абдула-ефенди“ | „ | „ |
| 11. | Џамија „Хаџи Асан во авлијата со Месџидот“ | „ | „ |
| 12. | Теќе „Хамди“ со куќата | „ | „ |
| 13. | Месџид „Арпаџа“ | „ | „ |
| 14. | Ан со пет дуќани | „ | „ |

| 5 | 6 | 7 |
|---|---|---|
| | Еднокатна, со 2 соби | 75 000 |
| | Во 1917 г. ја реквирирала германската војска за штала, а по нејзиното заминување Бугарите го реквирирале за штала за чување државен добиток. Сега нашата војска го употребува за штала | 50 000 |
| Нема | Во 1913 г. го запалила грчка чета. Бил на 1 кат, со 2 соби | 20 000 |
| Подигната пред 300 г. | Во 1913 г. ја запалила грчка чета | 75 000 |
| не | Во 1913 г. грчка чета ја запалила зградата што била на 2 ката, со 4 сали и 6 соби | 250 000 |
| | Во 1913 г. зградава ја запалиле, била на 2 ката, со 8 соби | 100 000 |
| Подигната пред 300 г. | Во 1913 г. ја запалиле грчки чети | 90 000 |
| | Во 1913 г. истата војска ја запалила зградата. Теќето и куќата имале 20 соби | 250 000 |
| Подигната пред 500 г. | Во 1913 г. | 12 500 |
| | Анот бил со 3 штали, 2 соби и 5 дуќани. Во 1913 г. го запалила грчка војска | 80 000 |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 15. | Таш Ан | " | " |
| 16. | Теќе „Шех Бедердин“ | " | " |
| 17. | Теќе „Хаџи Шериф“ | " | " |
| 18. | Теќе „Хаџи Фаик-беј“ | " | " |
| 19. | Куќа | " | " |
| 20. | Месџид „Хаџ Челеби“ Мала | " | " |
| 21. | Куќа, нова, со внатрешно одделение и двор | " | " |
| 22. | Орта-џами | " | " |
| 23. | Теќе Шех Азие | " | " |

| 5 | 6 | 7 |
|---|---|---|
| | Анот бил со 3 големи штали, една куќа, една кафеана, еден дуќан и 5 соби. Го запалила грчка војска во 1913 г. | 50 000 |
| | Теќето било со џамија и 5 соби, во 1913 г. грчката војска го запалила | 50 000 |
| | Било со џамија и 5 соби; во 1913 г. го запалила грчка војска | 60 000 |
| | Теќето било со џамија и 5 соби; во 1913 г. го запалила грчка војска | 35 000 |
| | Куќата била со 2 соби; во 1913 г. ја запалила грчка војска | 13 000 |
| | Бил со џамија, грчка војска го запалила во 1913 г. | 13 000 |
| | Служела за стан на околискиот муфтија, имала 10 соби, двокатна; во 1913 г. ја запалила грчка војска | 150 000 |
| | Џамијата е урната во 1912 г. од Бугарите. Куршумниот покрив тежел околу 10 000 кг. Украден е за време на Бугарите во 1914 г., а зградата стои. Реновирана од Бугарите како магазин за продукти | 100 000 |
| | Било со џамија, куќа на 2 ката со 10 соби. Во 1913 г. запалено од грчка војска | 60 000 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 24. | Јани-џами | „ | „ | | Во 1913 г. ја запалила бугарската војска | 150 000 |
| 25. | Теќе „Балкан“ | „ | „ | | Било со џамија и 6 соби на 2 ката. Во 1913 г. грчката војска го запалила | 25 000 |
| 26. | Џамија „Табак-хане“ | „ | „ | | Џамијата била без минаре. Во 1913 г. ја запалила грчка војска | 15 000 |
| 27. | 41 дуќан | „ | „ | | Во 1913 г. запалени од грчка војска | 250 000 |
| 28. | 3 ана | „ | „ | | „ | 50 000 |
| 29. | 2 кафеани | „ | „ | | „ | 25 000 |
| 30. | Една фурна | „ | „ | | „ | 20 000 |
| 31. | Теќе со куќа | „ | „ | | Теќето било на 2 ката и куќа; служело за гости. Во 1913 г. запалено од бугарска војска | 100 000 |
| 32. | Џамија | с. Сушево | Сушевски | | Џамијата била со минаре. Во 1913 г. ја запалила бугарската војска | 25 000 |
| 33. | Џамија со основно училиште | с. Амзали | Амзалиски | | Во 1913 г. ја запалила бугарската војска | 50 000 |
| 34. | Медреса | с. Сушица | Сушички | | Зградата била двокатна со 8 соби. Во 1913 г. ја запалила бугарската војска | |
| | | | | | Сѐ | 3 156 000 |

Бр. 385
8. XII. 1921 г.
Струмица

Наду Латиф Ѓулкм
Околиски муфтија

Историски архив — Струмица, фонд: Среско Вакуфско-Меарифско Поверенство, Среско Муфтиство Струмица, стр. 1—4.